FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Објавените информации и ставови не ги претставуваат официјалните ставови на Фондацијата Отворено општество – Македонија

Прв мониторинг извештај

# „РЕФОРМИ ВО СУДСТВОТО – ОД ПРИБЕ 1 ДО ПРИБЕ 2 И ПОТОА“

*Проект: „Заедничка акција за итни реформи во судството“*

Овој мониторинг извештај **е** базиран на итните реформски приоритети**,** од јуни 2015 година**,** во делот на владеењето на правото и судството – сектор правосудство (кои за основа го имаат Извештајот на експертската група**,** предводена од Рајхард Прибе**, од 2015 година), и на** Вториот извештај на Прибе**,** од септември 2017 година**.**

Прибирањето на податоците за овој извештај главно беше базирано на изработената Методологија за следење на институции од правосудниот систем на Република Македонија со цел идентификување на реформите кои беа утврдени како приоритет (ИРП)

**1.** **деполитизација на изборот и унапредувањето на судиите и јавните обвинители во практиката, а не само во теоријата, врз основа на транспарентни, објективни и на критериуми засновани на заслуги;**

**2.** **примена на хармонизиран систем на учинок, заснован на квантитативни, но и на квалитативни стандарди, како основа за кариерен напредок во судството и во јавното обвинителство;**

| Надлежен орган | јули 2015 – јуни 2017 г. | јули 2017 – септември 2017 г. |
|---|---|---|
| Судски совет на РМ | • во 2015 г. ССРМ не изврши избор на судии во судовите, а беа избрани 6 претседатели на судови, при што за претседател на Апелацискиот суд Скопје е извршен избор на 26.11.2015 г., по објавен оглас на 21.7.2014 г., и врз основа на оценки на кандидатите од 2012 и 2013 г..<br>• во 2016 г. беа донесени две одлуки за објавување оглас за избор на судии и тоа истите денови кога се самораспушташе Собранието на РМ заради распишување предвремени парламентарни избори (23 февруари и 6 април);<br>• на 5.9.2016 г. на отворена седница, без суштинска расправа, со многу кратко претставување на биографијата на кандидатите и без образложение за (не)изборот на кандидатите со најголем број бодови или пак со ист број бодови, избрани се 26 судии;<br>• во 2016 г. избрани се 7 претседатели на судови и в.д. претседатели на Основен суд Скопје 1 и на Врховен суд на РМ;<br>• во март 2017 г. беше избран в.д. претседател на Основен суд Скопје 1 од редот на судиите на ВСРМ (немало досегашна таква практика) и извршен е избор на претседател на ВСРМ, при што кандидатите беа поделени во три групи, според различни критериуми, имаа различни оценки, бидејќи биле оценувани по различни основи, односно како судии во различни судови и како претседатели на судови. (немало досегашна таква практика). Предлогот за избор на претседател на Врховниот суд на РМ беше ставен на гласање, без притоа да има дискусија за предложениот кандидат и за причините за негов избор.<br>• во наведениот период од 2015 г.,2016 и 2017 г. извршено е времено упатување на 28 судии и тоа најчесто истите судии се времено упатувани повеќе пати<br>• Судскиот совет за секоја година донел одлука со која го утврдува ориентациониот број на предмети што треба да ги реши | • на седницата од 3.7.2017 г. за прв пат имаше суштинска расправа во однос на биографиите и кој од кандидатите за претседател на суд во која мера ги исполнува критериумуите;<br>• нема избор на судии во основните и во повисоките судови заради распишани локални избори<br>• Избор на 4 претседатели на судови и 1 в.д. претседател на суд, а не беше избран ниту еден од пријавените кандидати за претседател на Основен суд Куманово, бидејќи никој од кандидатите не го доби потребното мнозинство гласови од членовите на Судскиот совет на РМ, иако кандидатите ги исполнуваа условите. За неизборот на овие кандидати помеѓу членовите на Судскиот совет немаше никаква дискусија, ниту пак образложение.<br>• Неколку точки од дневните редови во текот на овие месеци не беа отворени за јавноста, а воглавно се однесуваа на оценувањето на работата на претседателите на судовите и на оценувањето на работата на судиите. Во овој период беа одржани седници и за барања |

Институт за човекови права

Македонско здружение на млади правници

Институт за европска политика. Скопје

| | | |
|---|---|---|
| | судијата месечно и тоа врз основа на Законот и Деловникот за работа, но нема донесено Правилник со кој ја утврдува методологијата на сложеност на материјата, во која спаѓа предметот при утврдување на ориентациониот број предмети што судијата треба да ги реши месечно;<br>● нема иницијативи за унапредување на регулативата во однос на подобрување на квалитативните критериуми за вршење на судиската функција кои се само 3 на број;<br>● откако се во примена новите критериуми за избор на судии-поротници од 1.1.2016 г., а надоместот за нивната работа е само 250 денари на ден, нивниот недостаток во судовите е зголемен, а тоа има негативно влијание на ефективноста на работењето, особено на основните судови; | поднесени од судиите за повторување на оценувањата на нивната работа, па и во овој случај седниците беа затворени за јавноста |
| Совет на јавни обвинители на РМ | ● Избрани се 3 јавни обвинители во Јавното обвинителство на РМ на 20.6.2016 г.<br>● Избрани се 4 јавни обвинители во вишите обвинителства на РМ и тоа: 3 на 20.6.2016 г. и 1 на 29.9.2016 г.<br>● Избрани се 15 јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и тоа: 3 на 14.7.2015 г., 1 на 30.12.2015 г., 1 на 5.2.2016 г., 7 на 29.9.2016 г., 2 на 27.4.2016 г. и 1 на 29.9.2016 г.;<br>● Разрешени се вкупно 21 јавен обвинител, од кои 2 се именувани на други функции, па така разрешени се: 1 на 22.9.2015 г., 1 на 30.11.2015 г., 1 на 16.11.2015 г., 12 на 29.6.2016 г. (1 е именуван на друга функција), 3 на 17.1.2017 г., 1 на 27.1.2017 г., 1 на 3.3.2017 г. и 1 на 27.4.2017 г.;<br>● Нема разрешени јавни обвинители по спроведена постапка за утврдување одговорност за сторена потешка дисциплинска повреда<br>● Не е донесена ниту една одлука со која не е потврдена првостепената одлука на Јавниот обвинител на РМ за разрешување на јавни обвинители по спроведена постапка за утврдување одговорност за сторена потешка дисциплинска повреда;<br>● Не се донесени одлуки за привремено оддалечување од функцијата јавен обвинител;<br>● Донесени се 36 решенија за мирување на функцијата јавен обвинител;<br>● Поднесени се 145 претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители и тоа: 84% се од физички лица; 9% се од правни лица; 6% се анонимни; 9% се други;<br>● Нема ниту една претставка врз основа на која се констатирани основи на сомневање и евентуално, по донесена одлука, таа претставка да се достави на понатамошно постапување на ЈО на РМ;<br>● Советот нема дадено мислења по програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, туку само за членови на Советот кои се дел од Управниот одбор на АСЈО, а кои учествувале во донесувањето на програмите;<br>● Советот нема дадено мислења по закони од областа на делокругот на неговата работата;<br>● На 13.6.2017 г., Советот даде позитивно мислење за предлогот на Владата за разрешување на тогашниот Јавен обвинител на РМ;<br>● Согласно со Законот за Советот на јавни обвинители, седниците на Советот се затворени за јавноста. Советот има своја веб страна која се ажурира со послаб интензитет, од причина што во нивната служба нема вработен информатички техничар;<br>● Тогашниот претседател на Советот ја извршуваше функцијата уште еден мандат, иако немаше законска основа за тоа; | ● Нема избор на јавни обвинители во ЈО на РМ<br>● Нема избор на јавни обвинители во вишите обвинителства на РМ<br>● Нема избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција<br>● Не е извршено разрешување на ниту еден јавен обвинител<br>● Нема разрешувања по спроведен ваков вид постапка<br>● Не се донесени ваков вид одлуки<br>● Не се донесени ваков вид одлуки<br>● Донесени се 7 решенија за мирување на функцијата<br>● Поднесени се 41 претставка и поплака на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители<br>● Нема ниту една претставка врз основа на која се констатирани основи за сомневање<br>● Советот нема дадено мислења по програмите на АСЈО<br>● Советот нема дадено мислења по закони<br>● Советот треба да даде мислење за кандидатите (23) за ЈО на РМ<br>● Објавени се кратки биографии речиси за сите поранешни членови на Советот и за некои од актуелните членови<br>● На 31.8.2017 г. е избран нов Претседател на Советот |

## 3. да се отстранат елементите од системот за дисциплинска одговорност и за разрешување на судиите кои во моментов ја поткопуваат судската независност, и во теорија и во практика;

| Надлежен орган | јули 2015 – јуни 2017 **г.** | јули 2017 – септември 2017 **г.** |
|---|---|---|
| Совет за утврдување факти и покренување постапка за утврдување одговорност на судија | ● со задоцнување, на 17.12.2015 г. е конституиран Советот за утврдување факти, при што е избран претседател и заменик, откако претходно изборот на членовите е извршен со тајно гласање од сите судии во РМ;<br>● административната служба на Советот за факти почна да функционира на 20.6.2016 г.;<br>● во 2016 г. Советот во просек примал 40-тина предмети (иницијативи) месечно, или по подносители: 750 од физички лица, 107 од правни лица, 15 од претседатели на судови и 21 по допрен глас;<br>● во 2016 година Советот вкупно одлучил за 841 предмети, од кои по 811 предмети одлучил иницијативата да се отфрли, и тоа 653 иницијативи како неосновани, 45 иницијативи како недозволени, 34 иницијативи како нецелосни, 29 иницијативи како застарени. За 50 иницијативи донесени се одлуки со резолуција. Советот нема отфрлени иницијативи како ненавремени и поднесени од неовластено лице. За 30 предмети е решено на друг начин (споени кон други предмети). Во 2016 г. поднесени се 3 барања до Судскиот совет за утврдување одговорност на судија;<br>● во 2017 г. за овој период се одржани 41 седница на кои се расправало за поднесените иницијативи;<br>● Постапката за утврдување факти е итна и од доверлив карактер, па истата се води без присуство на јавноста, со почитување на угледот и достоинството на судијата или претседателот на судот, Единствено, по барање на судијата или на претседателот на судот, Советот ќе одлучи постапката да се води со присуство на јавноста. До Советот за утврдување факти пристигнато е 1 барање постапката да се води со присуство на јавност. Ова барање Советот, на седницата одржана на 7.2.2017 година, го прифати и го дозволи, па расправата на Комисијата за утврдување одговорност на 14.2.2017 година беше одржана со присуство на јавноста; | ● во овој период одржани се 6 седници на кои се расправало за поднесените иницијативи<br>● во текот на цела 2017 година, заклучно со месец септември, поднесени се 3 барања за поведување постапка за утврдување одговорност на судија или претседател на суд до Судскиот Совет, а за 4 ДОВ предмети формирана е Комисија по прифатена иницијатива<br>● Советот за утврдување на факти поднесе кривична пријава против претседателот на ВСРМ |
| Судски совет на РМ | ● во 2016 г. Судскиот совет постапувал по 3 барања поднесени од Советот за факти за утврдување одговорност за судија поради нестручно и несовесно вршење на функцијата и само по едно барање е донесена одлука за отфрлање на барањето како нецелосно, другите постапки се' уште се во тек и во 2017 година;<br>● во 2015 г. со Одлука на Судскиот совет, разрешен е 1 судија од ОС Скопје 1 Скопје, поради нестручно и несовесно вршење на функцијата, а Советот за одлучување по жалби при ВСРМ ја потврдил оваа одлука во 2016 г. со што истата станува правосилна;<br>● Судскиот совет на 30.10.2015 г. донесе нов Деловник за работа;<br>● По донесувањето на пресудата на ЕСЧП, Митриновски против РМ, Судскиот совет, со Деловникот за работа, за прв пат ја допрецизираше процедурата за повторување на постапката пред овој орган по донесена пресуда на ЕСЧП, која во многу аспекти е дискутабилна, имајќи го предвид статусот, функцијата и надлежностите на Судскиот совет;<br>● во 2016 г. до Судскиот совет се поднесени 6 барања за повторување на постапката по повод донесени пресуди на ЕСЧП, а Судскиот совет само за 1 барање дозволи повторување на постапката и постапката е во тек веќе подолго време; | ● нема подетални информации во однос на постапките кои се во тек по повод поднесените барања од Советот за утврдување факти за утврдување одговорност на судии порди нестручно и несовено вршење на функцијата |

| Министерство за правда | | |
|---|---|---|
| Министерство за правда | ● беше изработувана нацрт-стратегија за реформа во правосудниот сектор, со поддршка на експерт од ЕУ, но консултациите со сите засегнати страни беа направени дури во подоцнежната фаза, почнувајќи од декември 2015 г..<br>● на 2.2.2016 г. се организираше јавна расправа во Собранието на РМ при Комисијата за европски прашања за итните реформи во правосудството;<br>● Европската комисија, во февруари 2016 г. даде обемни забелешки на тогашната верзија од нацрт-стратегијата, при што следеше период на подготовки за изработка на нова нацрт-стратегија; | ● со вклученост на сите засегнати страни се изработи нова нацрт-стратегија за реформа во правосудниот сектор и се пристапи кон измени на законите од оваа област |

## 4. обезбедување професионализам на Судскиот совет во практика, а не само во теорија (т.е. јасен и предвидлив тест за примена на критериумот „истакнат правник“)

| Надлежен орган | јули 2015 – јуни 2017 г. | јули 2017 – Септември 2017 г. |
|---|---|---|
| Судски совет на РМ | ● откако му престана мандатот на претходниот претседател на ССРМ, во 2016 г., од Собранието на РМ беше избран еден член на Судскиот совет на РМ од редот на истакнати правници и тоа Костадин Кизов, поранешен претседател и член на Советот на јавни обвинители. По само три месеци, во август 2016 г., нему му престана мандатот поради исполнување на условите за старосна пензија.<br>● на 13.10.2016 г. од Собранието на РМ на негово место беше избран Владе Богданоски и тој стана нов член на ССРМ од редот на истакнатите правници.<br>● при двата избора се водеше сметка за критериумот кандидатот да има 15 години работно искуство како правник, но останатите услови кои се предвидени во последните законски измени не се земени предвид, поточно од нивните биографии не може да се стекне впечаток дали се исполенети сите елементи за „истакнат правник“ | ● не е вршен избор на членови на ССРМ од редот на истакнати правници.<br>● во извештајот на Прибе од септември 2017 се препорачува делот од членовите на Судскиот совет кои не се избираат од редот на судиите да бидат избрани на неполитички начин, на пример преку директно гласање од правниците или од правните факултети или со користење на 2/3 мнозинство во Собранието со предвиден механизам за спречување на евентуално блокирање на процесот ако мнозинството не е обезбедено и да биде побаран совет од Венецијанската комисија. Исто така во овој извештај се нагласува потребата да се спроведе целосна и независна ревизија на функционирањето на системот за случајна распределба на предмети (АКМИС) со цел да се утврди дали и од кого овој систем бил злоупотребен. За оваа цел кон крајот на септември 2017 формирана е надворешна комисија. |

## 5. обезбедување проактивна улога на Судскиот совет и на највисоките судови во заштита на независноста и во заштитата од влијанија (и преку подобрена комуникациска стратегија и преку одлучувачки акции за реагирање на влијанија или притисок)

| Надлежен орган | јули 2015 – јуни 2017 **г.** | јули 2017 – септември 2017 **г.** |
|---|---|---|
| | ● практиката на Судскиот совет во овој период покажа дека овој орган јавно не се произнесувал за случаи кога бил загрозен угледот и независноста на судиите.<br>● но, од септември 2016 година, се зголеми присуството на претседателот на Судскиот совет во медиумите и тоа со учество во неколку телевизиски емисии, а по одредени случувања во Основниот суд Скопје 1 Скопје, се зголемија и издадените соопштенија, како и давањето изјави за медиумите од претседателот во однос на овие случувања. | ● во овој временски период зглемен е и бројот на издадени соопштенија од ССРМ, така што, освен вообичаените соопштенија за закажување на седници и известувања за одржаните седници, ССРМ, на својата веб страна, објавува и соопштенија за работни посети и други активности од нивна надлежност. Соопштенијата за заклучоците од одржаните седници редовно се ажурирани на интернет-страната уште истиот ден. Сепак, соопштенијата не содржат детални информации за седницата, туку само се наведени точките на дневен ред по кои е гласано. |

| | | |
|---|---|---|
| Судски совет на РМ | ● иако постоеја такви случаи и во минатото, во септември 2016 г. за прв пат беше свикана прес-конференција, поради повикувањето на сослушување во својство на осомничени лица на петмина судии од Управниот суд од СЈО;<br>● седниците на Судскиот совет се отворени за јавноста секогаш кога законот тоа го пропишува, но сепак за многу од точките од дневниот ред нема суштинска расправа;<br>● очигледно е непочитувањето на некои од членовите на Судскиот совет на начелата на етичко однесување од Етичкиот кодекс, а особено начелото на морална одговорност, со што негативно влијаат на објективната перцепција и на зајакнувањето на довербата во судството;<br>● во мај 2016 г. Судскиот совет донесе Прирачник за комуникација на судовите со јавноста; | ● Судскиот совет на РМ не објавува програма за работа, стратегии, ставови, мислења, студии и други слични документи.<br>● Неколку точки од дневните редови, во текот на овие 3 месеци, не беа отворени за јавноста, а воглавно се однесуваа на оценувањето на работата на претседателите на судовите..<br>● на 3.7.2017 г., Судскиот совет го усвои Годишниот извештај за работа на ССРМ за 2016 година. За разлика од минатата година, кога не беше прифатен ниту еден конструктивен предлог кој беше даден за дополнување на оваа седница, едногласно беа прифатени сите предлози за дополнување на извештајот, а кои се однесува на активности кои се дел од надлежностите на ССРМ, но не се наброени како елементи кои треба да ги содржи извештајот.<br>● претседателот на Судскиот совет, кој воедно е и претседател на Судскиот буџетски совет, за прв пат оваа година го истакна проблемот на ребаланс на буџетот и скратувањето на средствата за судската власт;<br>● при изборот на претседатели на судови од 3 јули 2017 година, за разлика од претходните избори на претседатели, се прочитаа биографиите за секој кандидат посебно, потоа членовите на ССРМ дадоа и коментари по однос на пријавените кандидати за претседатели. За разлика од досегашната практика, кога беа кажувани бројот на освоените бодови од оценувањето на судиите за 2015/2016 година, на оваа седница имаше и квалитативно претставување на кандидатите. Во сите случаи ССРМ го предложи и го избра кандидатот кој има најголем број бодови, без разлика на големината на судискиот стаж на кандидатите, придржувајќи се исклучиво до законските критериуми |
| Совет за утврдување факти и покренување постапка за утврдување одговорност на судија | ● Советот за факти нема своја веб-страна, од причина што Судскиот буџетски совет не спровел соодветна набавка за тоа. Сепак, Советот за факти редовно ги доставува извештаите за својата работа преку електронска пошта до медиумите и до ИЧП; | ● полугодишниот извештај за работата на Советот за факти за 1.1.-30.6.2017 година е усвоен на 11.7.2017 и е испратен до сите медиуми за нивно запознавање, како и до ИЧП на 11.7.2017 година, а Советот за факти, по сопствена иницијатива, изготви и сумарен извештај за 2017 година, заклучно со месец септември и на ист начин го достави на запознавање до јавноста |

## 6. Да се унапреди квалитетот на обуката, буџетот и автономијата на Академијата за судии и обвинители (и да се поттикне испраќањето на национални судии на стаж во ЕСЧП)

| Надлежен орган | јули 2015 – јуни 2017 **г.** | јули 2017 – септември 2017 **г.** |
|---|---|---|
| Академија за судии и јавни обвинители ( АСЈО) | ● во февруари 2015 година беше донесен нов закон, по скратена постапка, за АСЈО. Во декември 2015 година беше изменет овој закон, во однос на приемот на слушатели за јавни обвинители, а измените беа направени поради недостатокот на јавни обвинители. Со овие измени се направи исклучок од веќе воспоставените критериуми базирани на воспоставен систем на заслуги, како и на времетраењето на почетната обука кај оваа категорија слушатели.<br>● Нов правилник за спроведување на почетната обука беше донесен на10.2.2017 година. Правилникот за спроведување на испитот за судии-поротници беше донесен со задоцнување, во февруари 2017 година.<br>● Буџетот на РМ за 2016 година, предвиде основниот буџет на Академијата за судии и јавни обвинители да изнесува 41.403.000,00 денари, што претставува зголемување за околу 30% во однос на 2015 година, кога изнесувал 31.293.000,00 денари, а во 2014 година основниот буџет изнесувал 34.946.000,00 денари.<br>● Годишните извештаи за работата на АСЈО за 2015 и 2016 година, даваат детален преглед на финансирањето, имплементацијата на законските обврски на Академијата, почетната обука, континуираната обука, меѓународната соработка, студиските посети, статистичките податоци.<br>● Во 2015 година Академијата започна со имплементација на новото законско решение за оцена на ефикасноста на обуките. Детален преглед на резултатите од евалуацијата се дадени во годишниот извештај за 2015 г. Ваквиот детален преглед на резултатите е изоставен во годишниот извештај за 2016 година.<br>● По објавениот повик за избор на слушатели за почетната обука, за академсктата 2013/2015 година беа избрани 13 слушатели на почетната обука на Академијата. Првично поставениот број за прием на слушатели за почетна обука беше 29 слушатели, определен врз основа на одлуките на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија. Согласно со конечната ранг-листа од завршниот испит на петтата генерација слушатели, сите 13 слушатели успешно ја завршиле обуката, така што, покрај положениот приемен испит за слушател во АСЈО, ги положиле сите видови тестови и оценувања (од теоретската настава на почетната обука, од практичната настава на почетната обука и од завршниот испит – устен и писмен дел) и тоа со разлика од само 1,58 бода помеѓу прворангираниот и последно рангираниот на листата, а максималниот број можни бодови од сите овие тестови е 60.<br>● Во 2015 година, АСЈО објави оглас за прием на 30 нови слушатели во почетна обука, кои би биле кандидати за судии и јавни обвинители. На огласот за почетна обука во Академијата се пријавиле 84 кандидати, а 64 од нив, во март 2016 година, го полагале квалификацискиот тест, од кои 62 успешно го положиле приемниот испит. На почетната обука биле примени 37 слушатели. Разликата во бодови помеѓу прво рангираниот и последно рангираниот кандидат за слушател на АСЈО, кои го положиле приемниот испит, е 7,13.<br>● На 30 август 2016 година Академијата објави конкурс за повик за прием на 60 слушатели, кандидати за јавни обвинители, согласно со законските измени од 2015 година. На огласот бил пријавен 121 кандидат. Она што наиде на контроверзност во | ● Во нацрт- стратегијата за реформа на правосудниот сектор, за периодот 2017-2022 година е предвидено да се извршат законски измени во однос на регрутирање кадри во судството и обвинителството. Со нив би се обезбедиле законски претпоставки за одреден процент судиски и обвинителски места да можат да бидат пополнети и без задолжителна почетна обука во АСЈО, но од правници кои имаат долгогодишно работно искуство во адвокатурата, од искусните постојни стручни соработници во судовите, од универзитетските професори и од претставници на други правни професии.<br>● Во нацрт- стратегијата за реформа на правосудниот сектор е нагласена потребата за организирање обуки на тема 'Алтернативно решавање на спорови'.<br>● Нема подетални и нови јавно достапни информации за 30 кандидати за слушатели, кандидати за јавни обвинители, за кои има основи на сомнение дека приложиле фалсификувани дипломи за познавање странски јазици. Истрагата за случајот веќе неколку месеци е во тек, побарана е и меѓународна правна помош.<br>● Во овој период во тек е теоретската настава од почетната обука за 37 слушатели на АСЈО. Во тек се и обуките за обучувачи и обуките во рамки на континуираната обука. |

јавноста е дека на конкурсот биле пријавени околу 30 кандидати за слушатели, за кои има основи за сомнение дека приложиле фалсификувани дипломи за познавање странски јазици.

- За потребите на обуките, во текот на 2015 година, биле ангажирани вкупно 234 предавачи, од кои 138 – домашни експерти и 96 – странски експерти. Од домашните експерти, кои во текот на 2015 година зеле учество во својство на предавачи на обуките, 40 се судии, 17 се јавни обвинители и 81 се други експерти. Од вкупниот број одржани обуки, 72 се од областа на граѓанското право, 109 од областа на кривичното право, 12 од областа на управното право, 9 од областа на трговското право и 52 обуки беа посветени на општи теми. За реализирање на практичната настава, во времетраење од 15 месеци, ангажирани се вкупно 64 ментори, од кои 7 судии од апелациските судови, 38 судии од основните судови, 8 јавни обвинители од вишите јавни обвинителства и 11 јавни обвинители од основните јавни обвинителства. Најголем број од менторите се од апелациското подрачје на Скопје.
- Во текот на 2015 и 2016 година беа организирани и обуки за обучувачи и континуирани обуки за судиите и јавните обвинители. Во текот на 2015 година АСЈО има реализирано вкупно 267 обуки за 5888 учесници. Во текот на 2016 година се реализирани вкупно 209 обуки, со учество на 4921 учесници.
- Во ноември 2016 година од Академијата на судии и јавни обвинители и од Здружението на судиите беше промовиран Кодексот на судска етика.
- Академијата организираше 21 студиска посета во 2015 година и 21 студиска посета во 2016 година.
- Во текот на август 2016 година е составен и планот на активностите во рамки на доброволната континуирана обука за судски и јавно обвинителски службеници, како и планот на активности во рамки на задолжителната континуирана обука за судии, претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства, и двете за период од септември до декември 2016 година.
- Во 2016 година, Академијата за судии и јавни обвинители отпочна со подготовка на Општа програма за континуирана обука за 2017-2018 година, за што испрати известување и до некои од граѓанските организации и барање за доставување нивни предлози.
- Во текот на периодот од јули 2015 година, до јули 2016 година, Академијата за судии и јавни обвинители имаше соработка со граѓанските организации. Во текот на јуни 2017 година беше одржана експертска работилница со слушателите на почетната обука и со претставници на „Мрежа 23+" на тема „Мониторинг на судски случаи". На експертската работилница слушателите на почетната обука од шестата генерација дадоа препораки за унапредување на обуките во Академијата, со зголемување на практичната настава. Како потреба се надметна подоброто запознавање со поглавјата во процесот на пристапување кон ЕУ, особено Поглавјето 23 и Поглавјето 24.

# 7. Да се обезбеди објавување на сите судски пресуди во јасни рокови определени со закон (и да се обезбедат целосни можности за пребарување и олеснет пристап);

| Надлежен орган | јули 2015 – јуни 2017 г.<br>јули 2017 – Септември 2017 г. |
|---|---|
| Судови на РМ/ Врховен суд како надлежен за порталот www.sud.mk | ● Сите информации за судовите во РМ, како и за Судскиот совет, од месец ноември 2016 г. веќе се објавуваат во единствениот портал www.sud.mk кој е во надлежност на Врховниот суд на РМ. Некои од старите веб страни на судовите, кои беа во функција до април 2017 година, имаа известувања за упатување на новиот портал, но некои од судовите воопшто немаа вакви известувања и прикажуваа само застарени информации.<br>● На јавната дебата „Унапредување на транспарентноста во судството во РМ"- 25 април 2017 година, организирана од „Мрежа 23+", од стручната јавност беше истакнато дека на веб-страниците на судовите се објавени аноминимизирани и неанонимизирани одлуки, без информација дали се правосилни или не. Таквата објава во практика создава конфузија за стручната јавност. |

За потребите на овој мониторинг извештај е спроведена онлајн анкета која преку е-пошта е испратена на 1700 адвокати од списокот на Адвокатската комора. На анкетата одговорија 224 испитаници, од кои (П.1) на 150 испитаници седиштето на канцеларијата им се наоѓа во рамки на Апелацискиот суд во Скопје, 36 се во рамки на Апелацискиот суд во Битола, 20 испитаници се во рамки на Апелациониот суд Гостивар и 18 се во рамки на Апелацискиот суд во Штип.




На сите прашања од оваа анкета испитаниците можеа да изберат само еден од понудените одговори.

***П.2 Оценете колку често судијата ја објавува изреката на судските одлуки во законски предвидените рокови?***

Според 55% од испитаниците судовите ретко или никогаш не ги објавуваат судските одлуки во законските рокови.

***П.3 Дали и во која мера се почитуваат роковите за писмена изработка на одлуките?***

Дури 60% од адвокатите одговориле дека одлуките ретко или никогаш не се изработуваат во законските рокови.







***П.4 Во случај на необјавување на изреката на одлуките во законскиот рок, каква е најчесто реакцијата на странките кои ги застапувате?***

Дури 47% од адвокатите одговориле дека нивните странки изразуваат некакви сомнежи во однос на причината за доцнењето. Исто така, 31.7% од адвокатите одговориле дека странките бараат од нив да ургираат за побрзо донесување на одлуката.

***П.5 Какво е вашето искуство со порталот www.sud.mk?***




Според 30% од испитаниците, порталот www.sud.mk не е функционален за пребарување и известување, но е подобар од поединечните портали на судовите. Со нив не се сложуваат 32.5% од адвокатите, кои одговориле дека подобри биле поединечните портали на судовите. Дека порталот е функционален за пребарување и известување одговориле 21.4% од испитаниците.

Сепак, не е незначајно дека 15.6 % од испитаниците најчесто одговориле дека не им е познат порталот, а други одговориле дека не се ажурира редовно, но и дека треба да биде достапен за пребарување преку google.com.




***П.6 Кога ви е потребна судска практика, колку лесно можете да ја пронајдете на www.sud.mk?***

## 8. Да се изработи досие за вкупната должина на судските постапки со специјален фокус врз „стари предмети"

За зголемување на ефикасноста на судството, во извештајот на Судскиот совет на Република Македонија од 2016 година е наведено дека се преземени конкретни мерки за намалување на заостанатите, стари предмети во судството, постари од 3, 7 и 10 години. Во табелата што следи е прикажен бројот на стари предмети во сите судови во Република Македонија.

| | јануари 2016 година | декември 2016 година | Намален заостаток во текот на 2016 година |
|---|---|---|---|
| Постари од 3 години | 11586 | 5065 | 6521 |
| Постари од 7 години | 388 | 219 | 169 |
| Постари од 10 години | 74 | 56 | 18 |

Во табелата прикажана подолу се содржани податоци за секој суд поодделно, за предмети постари од 7 и 10 години, заклучно со месец септември 2017 година, како и бројот на поднесени барања за заштита на правото на судење во разумен рок и бројот на предмети во кои е утвредна повреда на правото на судење во разумен рок од Врховниот суд на РМ.

| Основни и апелциски судови на РМ | Предмети постари од 7 години | Предмети постари од 10 години | Број на поднесени барања за заштита на правото на судење во разумен рок пред Врховен суд на РМ | Број на предмети во кои е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок од страна на Врховен суд на РМ |
|---|---|---|---|---|
| Апелациски суд Битола | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Основен суд Битола | 4 | 0 | 31 | 3 |
| Основен суд Крушево | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Основен суд Охрид | 8 | 2 | 32 | 9 |
| Основен суд Прилеп | 1 | 0 | 5 | 2 |
| Основен суд Ресен | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Основен суд Струга | 5 | 0 | 1 | 1 |
| Апелациски суд Гостивар | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Основен суд Гостивар | 33 | 3 | 48 | 9 |
| Основен суд Дебар | 0 | 0 | 3 | 1 |
| Основен суд Кичево | 2 | 1 | 3 | 1 |
| Основен суд Тетово | 4 | 2 | 12 | 3 |
| Апелациски суд Скопје | 0 | 0 | 14 | 2 |
| Основен суд Велес | 5 | 2 | 24 | 8 |
| Основен суд Гевгелија | 0 | 0 | 2 | 1 |
| Основен суд Кавадарци | 2 | 0 | 5 | 1 |
| Основен суд Кратово | 0 | 0 | 4 | 0 |
| Основен суд КриваПаланка | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Основен суд Куманово | **7** | **7** | **160** | **23** |
| Основен суд Неготино | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Основен суд Скопје 1 Скопје | **81** | **31** | **105** | **38** |
| Основен суд Скопје 2 Скопје | **123** | **42** | **323** | **100** |
| Апелациски суд Штип | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Основен суд Берово | 0 | 0 | 2 | 1 |
| Основен суд Виница | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Основен суд Делчево | 0 | 0 | 3 | 1 |
| Основен суд Кочани | 0 | 0 | 4 | 1 |
| Основен суд Радовиш | 0 | 0 | 2 | 1 |
| Основен суд Св.Николе | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Основен суд Струмица | 7 | 0 | 12 | 2 |
| Основен суд Штип | 5 | 8 | 2 | 1 |

Согласно со добиените податоци, најголем број стари предмети има во Основен суд Скопје 2 Скопје, Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Куманово. Исто така, во овие судови има и најголем број предмети во кои е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок од ВСРМ.

Дополнително, беа спроведени структуирани интервјуа со адвокати, со цел споделување искуство во однос на причините и проблемите што доведуваат до одолговлекување на постапките. Дел од адвокатите сметаат дека проблемот со одолговлекување на постапките е во тенденцијата второстепените судови да ги укинуваат пресудите и да ги враќаат предметите на повторно одлучување пред првостепениот

суд, во нецелосно утврдената фактичка состојба од првостепениот суд, како и во пречекорувањето на роковите за донесување пресуди од второстепените судови. Дел од адвокатите нагласија дека проблемот е во почетокот, односно во неуредната достава, во големиот временски период меѓу рочиштата, како и во големиот обем на предмети во определени судови.
При тоа наведоа дека најголем број од предметите кои траат повеќе од 7 и 10 години се кај управните постапки за денационализација и кај постапките за експоропријација.

## 9. Да се обезбеди брзо извршување на сите пресуди на ЕСЧП против државата (особено преку воведување практични и ефективни мерки за секоја категорија на случаи

Република Македонија има преземено голем број обврски со ратификацијата на ЕКЧП. Една од тие обврски е задолжителноста и извршувањето на пресудите на ЕСЧП. Во Република Македонија задолжени за процесот на извршувањето на одлуките на ЕСЧП се Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП и Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

Извршувањето на пресудите се врши под надзор на Комитетот на министри и истото се спроведува со доставување акциски планови и извештаи во кои се предвидени поединечните и општите мерки кои државата ги презела или планира да ги преземе.

Период јули 2015 – јуни 2017 година

| Предмет | Датум на донесување | Датум на правосилност | Акциски план/ извештај доставен до Комитетот на министри (АП/АИ) | Финална резолуција донесена од страна на Комитетот на министри |
|---|---|---|---|---|
| Ефтимов (59974/08) | 2.7.2015 | 2.10.2015 | X | X |
| Андоновски (24312/10) | 23.7.2015 | 23.10.2015 | X | X |
| Андоноски (16225/08) | 17.9.2015 | 17.12.2015 | АП - 1.7.2016 | X |
| Миткова (48386/09) | 15.10.2015 | 15.1.2016 | АП - 1.3.2017 | X |
| Хајрулаху (37537/07) | 29.10.2015 | 29.1.2016 | АП - 16.3.2017 | X |
| Аслани (24058/13) | 10.12.2015 | 10.3.2016 | X | X |
| Попоски и Дума (69916/10) | 7.1.2016 | 7.4.2016 | X | X |
| Геровска Попчевска (48783/07) | 7.1.2016 | 7.4.2016 | X | X |
| Јакшовски – Трифуновски (56381/09) | 7.1.2016 | 7.4.2016 | X | X |
| Ивановски (29908/11) | 21.1.2016 | 21.4.2016 | АИ - 1.6.2017 | X |
| Василевски (22653/08) | 28.4.2016 | 28.7.2016 | АИ - 27.2.2017 | 10.5.2017 |
| Митров (45959/09) | 2.6.2016 | 2.9.2016 | АИ - 28.2.2017 | 10.5.2017 |
| Петреска (16912/08) | 21.7.2016 | 21.10.2016 | АИ - 9.12.2016 | 5.4.2017 |
| Китаноска Станојковиќ и др (2319/14) | 13.10.2016 | 13.1.2017 | АИ - 18.10.2017 | X |
| Селмани и др (67259/14) | 09.02.2017 | 09.05.2017 | X | X |

Период јули 2017 – септември 2017 **г.**

| Предмет | Датум на донесување | Датум на правосилност | Акциски план/ извештај доставен до Комитетот на министри (АП/АИ) | Финална резолуција донесена од Комитетот на министри |
|---|---|---|---|---|
| Карајанов (2229/15) | 6.4.2017 | 6.7.2017 | АИ - 12.10.2017 | X |
| Случај Центар за развој на аналитичка психологија (29545/10) | 15.6.2017 | 15.9.2017 | X | X |
| Петровиќ (30721/15) | 22.6.2017 | 22.9.2017 | X | |
| Митрески (11621/09) | 25.3.2010 | 25.6.2010 | АИ - 21.8.2017 | X |
| Петкоски и др (27736) | 8.1.2009 | 5.6.2009 | АИ – 21.08.2017 | X |

Акциските планови, односно извештаи потребно е да бидат доставени од Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 6 месеци по конечноста на одлуката. Доколку не се поднесе акциски план во рокот од 6 месеци, Секретаријатот на Комитетот на министри доставува потсетник со кој на државата и дава рок од нови три месеци од приемот, со цел да достави акциски план, односно извештај.

Во дел од предметите, роковите за доставување на акцискиот план, односно извештајот, се надминуваат од Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП. Како отежнувачки околности може да се наведат нередовното одржување седници на Меѓуресорската комисија за извршување на пресудите на ЕСЧП, зголемениот обем на работа, наспроти намалените капацитети на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП за две работни позиции од месец јули 2017 година. Согласно со правилата на Комитетот на министри предвиден е систем на надзор на предмети под зајакнат надзор, кон кој припаѓаат и предметите кои бараат итни индивидуални мерки, пилот-пресудите, пресудите кои укажуваат на постоење крупни структурни и комплексни проблеми и меѓудржавните предмети. Исто така, предвиден е и стандарден надзор во кој Комитетот на министрите не зема активна улога, туку се задоволува со формални одлуки со кои се регистрира напредокот во извршувањето на предметите.

| Предмети под зајакнат надзор од страна на Комитетот на министри | |
|---|---|
| јули 2015 – јуни 2017 г. | јули 2017 – септември 2017 **г.** |
| Ел Масри против РМ (39630/09) | Карајанов против РМ (2229/15) |
| Хајрулаху против РМ (37537/07) | |
| Ивановски против РМ (29908/11) | |

Во периодот од јуни 2015 до Септември 2017 година сите останати предмети против РМ, освен наведените во табелата погоре, се под стандарден надзор, при што нема предмети кои преминале од стандарден во зајакнат надзор, ниту предмети кои преминале од зајакнат во стандарден надзор. Четирите предмети кои се под зајакнат надзор се предмети кои од самото донесување на пресудата се класифицирани како предмети под зајакнат надзор и за сите се доставени акциски планови до Комитетот на министри.

Надзорот над извршувањето од Комитетот на министри завршува со донесувањето на финалната резолуција, кога една држава ги презела сите мерки за отстранување на повредата.

| Предмети за кои е донесена ФИНАЛНА РЕЗОЛУЦИЈА од страна на Комитетот на министри | | | |
|---|---|---|---|
| јули 2015 – јуни 2017 г. | | | |
| Балајџиев | CM/ResDH(2015)189 | Саздовски и други | M/ResDH(2017)173 |
| Ѓорѓиев и Христов | CM/ResDH(2015)188 | Крстевски и други | CM/ResDH(2017)173 |
| Атанасовски и други | CM/ResDH(2015)152 | Делева и други | CM/ResDH(2017)174 |
| Фетаовски | CM/ResDH(2016)270 | Трајче Стојановски | CM/ResDH(2017)144 |
| Спасовски | CM/ResDH(2016)77 | Василевски | CM/ResDH(2017)145 |
| Илик и други | CM/ResDH(2016)78 | Митров | CM/ResDH(2017)146 |
| Атанасовиќ и други | CM/ResDH(2016)35 | Петреска | CM/ResDH(2017)112 |
| Аграрикаооп Скопје и други | CM/ResDH(2016)19 | Фетаовски | CM/ResDH(2017)113 |
| Трифуновски | CM/ResDH(2015)241 | Асани и други | CM/ResDH(2017)70 |
| Лазаревски и други | CM/ResDH(2017)196 | Лешнина Велетрговина ДОО | CM/ResDH(2017)45 |
| Јули 2017 – Септември 2017 | | | |
| Радко и Паунковски | CM/ResDH(2017)293 | Трајан Божиновски | CM/ResDH(2017)224 |

Предметот Здружение на граѓани Радко и Паунковски против РМ беше ставен под зајакнат надзор од Комитетот на министри. Пресудата е донесена на 15.1.2009 година, а истата стана правосилна на 15.4.2009 година. Потребни биле повеќе години за исполнување на мерките за отстранување на повредата, со цел донесување на финалната резолуција, при што за овој предмет е донесена финална резолуција од Комитетот на министри на 21.9.2017 година.

За следење на извршувањето на одлуките на ЕСЧП во РМ надлежна е Меѓуресорската комисија за извршување на пресудите на ЕСЧП, при што, согласно со чл.12 од Законот за извршување на одлуките на ЕСЧП, Меѓуресорската комисија има обврска да одржи минимум 4 состаноци во текот на една календарска година.

| Број на одржани седници од Меѓуресорската комисија |
|---|
| Период јануари 2015 – јуни 2017 г. |
| 2015 година – 4 седници |
| 2016 година – 1 седница |
| 2017 година – нема одржано седници |

Во период од јули до септември 2017 година Меѓуресорската комисија нема одржано седници.

Од табелата може да се увиди дека по добиените препораки на Прибе од 2015 година Меѓуресорската комисија го намалила бројот на одржани седници.

# ЗАКЛУЧОЦИ:

**1. деполитизација на изборот и на унапредувањето на судиите и јавните обвинители во практика, а не само во теорија, врз основа на транспарентни, објективни и критериуми засновани на заслуги:**

**2. примена на хармонизиран систем на учинок заснован на квантитативни, но и квалитативни стананрди, како основа за кариерен напредок во судството и во јавното обвинителство:**

- Судскиот совет донесува одлуки со кои го утврдува ориентациониот број предмети што судијата треба да ги реши месечно и тоа врз основа на Законот и Деловникот за работа, но нема донесено правилник со кој ја утврдува методологијата на сложеност на материјата во која спаѓа предметот при утврдување на ориентациониот број предмети што судијата треба да ги реши месечно;
- На седницата од 3.7.2017 г. за прв пат имаше суштинска расправа во однос на предложените кандидати за претседател на суд и предложените програми за нивна работа;
- Од септември 2016 година Судскиот совет објавува образложени одлуки за избраните кандидати за судија или претседател на суд, но не и за оние кандидати кои не се избрани;
- Нема иницијативи од Судскиот совет за унапредување на регулативата во однос на подобрувањето на квалитативните критериуми за оценување на вршењето на судиската функција, а кои се само 3 на број;
- Откако се во примена новите критериуми за избор на судии-поротници од 1.1.2016 г., а надоместот за нивната работа е само 250 денари на ден, недостатокот на судии-поротници во судовите е зголемен, а тоа има негативно влијание на ефективноста на работењето, особено кај основните судови;
- Во овој период извршен е избор на 3 јавни обвинители во Јавното обвинителство на РМ, 4 во вишите јавни обвинителства и 15 во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Разрешени се вкупно 21 јавен обвинител, а нема разрешени јавни обвинители по спроведена постапка за утврдување одговорност за сторена потешка дисциплинска повреда;
- Поднесени се 186 претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители;
- Согласно со Законот за Советот на јавни обвинители, седниците на Советот се затворени за јавноста. Советот има своја веб страна која ажурира со послаб интензитет, од причина што во нивната служба нема вработен информатички техничар;
- Претходниот претседател на Советот ја извршуваше функцијата уште еден мандат, иако немаше законска основа за тоа, а на 31.8.2017 г. е избран нов претседател на Советот;

**3. да се отстранат елементите од системот за дисциплинска одговорност и за разрешување за судиите кои во моментов ја поткопуваат судската независност и во теорија и во практика;**

- По донесувањето на пресудата на ЕСЧП 'Митриновски против РМ', Судскиот совет, со Деловникот за работа, за прв пат ја допрецизираше процедурата за повторување на постапката пред овој орган по донесена пресуда на ЕСЧП, која во многу аспекти е дискутабилна, имајќи го предвид статусот, функцијата и надлежностите на Судскиот совет;
- Советот за утврдување факти поднел 6 барања до Судскиот совет за утврдување одговорност за судија поради нестручно и несовесно вршење на функцијата. Судскиот совет само за едно барање донел одлука за отфрлање на барањето како нецелосно, а по другите барања постапките се сè уште во тек и истите се затворени за јавноста (согласно со Законот);
- **Советот за утврдување факти поднесе кривична пријава против претседателот на Врховниот суд на РМ;**

**4. обезбедување професионализам на Судскиот совет во практика, а не само во теорија (т.е. јасен и предвидлив тест за примена на критериумот „истакнат правник"):**

- При двата последни избора за член на Судскиот совет од редот на истакнати правници запазен е критериумот кандидатот да има 15 години работно искуство како правник, но останатите услови кои се предвидени во последните законски измени не се земени предвид, поточно, од нивните биографии не може да се стекне впечаток дали се исполнети сите елементи за „истакнат правник". Особено несериозен беше изборот на член на Судскиот совет за мандат од 6 години, кому, во времето на изборот, му преостануваа уште 3 месеци за исполнување на условите за старосна пензија;
- Во извештајот на Прибе од септември 2017 г. се препорачува членовите на ССРМ од редот на „истакнат правник" да бидат избирани од самите правници на факултетите или од граѓанскиот сектор, или со 2/3 мнозинство во Собранието на РМ. Исто така, во извештајот се препорачува да се изврши надворешна контрола на АКМИС системот во однос на распределувањето на судските предмети кај судиите;

- Во извештајот на Прибе, од септември 2017 г. се препорачува делот од членовите на Судскиот совет кои не се избираат од редот на судиите да бидат избрани на неполитички начин, на пример, преку директно гласање од правниците или од правните факултети, или со користење на 2/3 мнозинство во Собранието, со предвиден механизам за спречување на евентуално блокирање на процесот, ако мнозинството не е обезбедено и да биде побаран совет од Венецијанската комисија. Исто така, во извештајот се нагласува потребата да се спроведе целосна и независна ревизија на функционирањето на системот за случајна распределба на предмети (АКМИС) со цел да се утврди дали и од кого овој систем бил злоупотребен. За оваа цел, кон крајот на септември 2017 г. е формирана надворешна комисија;

**5. обезбедување проактивна улога на Судскиот совет и на највисоките судови во заштита на нивната независност и заштита од влијанија (како преку подобрена комуникациска стратегија,така и преку одлучувачки акции за реагирање на влијанија или притисок):**

- Од септември 2016 година се зголеми присуството на претседателот на Судскиот совет во медиумите и тоа со учество во неколку телевизиски емисии, а по одредени случувања во Основниот суд Скопје 1 Скопје, се зголемија и издадените соопштенија, како и давањето изјави за медиумите од претседателот на судот за случувањата. Иако постоеја такви случаи и во минатото, во септември 2016 г. беше свикана прес-конференција (единствена до сега) поради повикувањето на сослушување во својство на осомничени лица на петмина судии од Управниот суд од Специјалното јавно обвинителство;
- Седниците на Судскиот совет се отворени за јавноста секогаш кога законот тоа го пропишува, но сепак, за многу од точките од дневниот ред, немаше суштинска расправа. Од седницата одржана на 3.7.2017 година видно се засили суштинската расправа и за точките од дневните редови кои се однесуваат за избор на судии и претседатели на судови;
- Очигледно е непочитувањето на (некои) членови на Судскиот совет на начелата за етичко однесување од Етичкиот кодекс, а особено начелото на морална одговорност, со што негативно влијаат на објективната перцепција и на зајакнувањето на довербата во судството;
- Советот за факти нема своја веб-страна, од причина што Судскиот буџетски совет не спровел соодветна набавка за тоа. Сепак, Советот за факти редовно ги доставува извештаите за својата работа преку електронска пошта до медиумите и до ИЧП;

**6. Да се унапреди квалитетот на обуката, буџетот и автономијата на Академијата за судии и обвинители (и да се поттикне испраќањето на национални судии на стаж во ЕСЧП):**

- Досегашните измени на Законот за Академија за судии и јавни обвинители беа донесувани без широка јавна расправа и во скратена постапка, што придонесува за одредени законски недоречености;
- Со последните измени на Законот од декември 2015 г. се појави дискрепанца во условите за избор на почетната обука за судии и јавни обвинители, бидејќи посебните критериуми за избор на јавни обвинители беа наменети само за пополнување на дефицитарните места. Согласно со Извештајот на ЕК за Македонија ваквото решение придонесува за дисбаланс помеѓу изборот на судиите и јавните обвинители;
- Актуелната неможност за избор на судии и јавни обвинители од редот на правниците кои имаат долгогодишно работно искуство во адвокатурата, од искусните постојни стручни соработници во судовите, од универзитетските професори, поранешните судии во ЕСЧП и од претставниците од други правни професии (освен преку Академијата за судии и јавни обвинители, како и од кандидатите со мало работно искуство по положениот правосуден испит) отвора простор за дилеми и дискусии. Изборот на судии и јавни обвинители само преку Академијата е оценет како позитивен во меѓународните извештаи;
- Електронското полагање на практичниот дел од завршниот испит остава простор за дилеми дали ја постигнува целта за оценување на практичните вештини на слушателите за решавање на студии на случај;
- Академијата се финансира од буџетот на РМ наменет за судската власт, како и од странски донатори. Во споредба со 2015 година, Академијата за судии и јавни обвинители за 2017 година има зголемен буџет и не смее да се дозволи, како во минатите години, преку ребаланс таквиот буџет да биде скратен. Индикативен е и фактот дали ваквиот буџет е доволен, со оглед на тоа што дел од обуките на Академијата се спроведуваат со помош на странски донатори;
- Академијата работи транспарентно на објавувањето на најзначајните податоци на веб страната. Во годишните извештаи детално се опишани сите активности на Академијата, финансирањето, статистиката. Каталозите се објавуваат редовно и се достапни на веб страната. Нефункционален е делот од веб страната каде се објавени конечните ранг-листи од завршениот испит и листите за примени слушатели. Недостасува објавување на биографиите на ангажираните обучувачи за спроведените обуки;
- Академијата успешно учествувала на многубројни конференции и обуки со цел да се разгледаат најдобрите практики и можноста за нивно имплементирање, сè со цел подобро функционирање и унапредување на правосудниот систем;

- Во делот на почетната обука недостасуваат обуки за исполнување на критериумите за државите-кандидати за влез во ЕУ, со особен осврт кон Поглавје 23 и 24, како најрелевантни за правосудството и за претпристапните преговори. Се спроведува редовната евалуација на обуките, а податоците од евалуацијата се прикажани во Годишниот извештај за 2015 година. Ваквите податоци се изоставени во Годишниот извештај за 2016 година;
- Во најголем дел се следат законските измени и потребите при реализацијата на континуиранта обука, а доволен акцент не е ставен на обуките за алтернативно решавање на споровите. Ваквата потреба е нагласена и во Нацрт-стратегијата за реформа на правосудниот сектор;
- Недоволен е бројот на обуки за комуникации, со цел зајакнување на транспарентноста на судството. Овие обуки се најпотребни за лицата кои се одговорни за односи со јавноста, а најмногу би се однесувале на комуникација со медиумите, на новинари, граѓански организации и публикување различни информации на интернет од интерес за општата јавност;
- Академијата има воспоставено соработка со граѓанските организации и со други институции, како во делот на вклучување во обуките, така и во делот на вклучување на нивните предлози во Општата програма за континуирана обука за 2017-2018 година. Потребно е овој процес да биде сѐ поинклузивен;
-

**7. Да се обезбеди објавување на сите судски пресуди во јасни рокови определени со закон (и да се обезбедат целосни можности за пребарување и за олеснет пристап):**

- Недоволна е функционалноста на порталот www.sud.mk, како и неговата промоција. Загрижувачки е фактот дека поголем дел од стручната јавност не е задоволна со функционирањето на порталот, со неговото нередовно ажурирање, како и со недоволното ниво овој портал да биде извор на судската практика и информатор за работата на судството;
- Исполнувањето на приоритетот налага објавување на одлуките (изреките) во законски предвидените рокови. Алармантно е што 55% од испитаниците-адвокати истакнале дека судовите само понекогаш или никогаш не ги објавуваат судските одлуки во законските рокови. Согласно со анкетата, не се почитуваат ниту законските рокови за изработка на судските одлуки;
- Проблематични се одредбите во Упатството за начинот на објавување и за пребарувањето на судските одлуки на веб страницата на судот, органите на државна управа и јавните институции во однос на нивно анонимизирање, дури и во случаите кога не се работи за државна тајна;
- Недостасуваат одредби во Судскиот деловник за објавување на задолжителните податоци на судските портали, како што се објавување податоци за финансиското работење на судовите и од годишниот финансиски извештај;

**8. Да се изработи досие за вкупната должина на судските постапки со специјален фокус врз "стари предмети":**

- Најголем број предмети кои се постари од 7 и 10 години има во Основниот суд Скопје 2 Скопје, Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Куманово.
    - Основен суд Скопје 2 Скопје има 123 предмети постари од 7 години и 42 предмети постари од 10 години;
    - Основен суд Скопје 1 Скопје има 81 предмет постари од 7 години 31 предмет постар од 10 години;
    - Основен суд Куманово има 7 предмети постари од 7 години и 7 предмети постари од 10 години.
- Најголем број предмети, за кои е поднесено Барање за заштита на правото на судење во разумен рок и е утврдена повреда на правото од Врховниот суд, е за предмети пред Основен суд Скопје 2 Скопје, Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Куманово.
    - За предмети пред Основен суд Скопје 2 Скопје поднесени се 323 барања, а утврдена е повреда за судење во разумен рок во 100 предмети;
    - За предмети пред Основен суд Скопје 1 Скопје поднесени се 105 барања, а утврдена е повреда за судење во разумен рок во 38 предмети;
    - За предмети пред Основен суд Куманово поднесени се 160 барања, а утврдена е повреда за судење во разумен рок во 23 предмети.
- Проблеми и причини кои доведуваат до одолговлекување на постапките, според перцепцијата на адвокатите се:
    - тенденцијата второстепените судови да ги укинуваат пресудите и да ги враќаат предметите на повторно одлучување пред првостепениот суд;
    - нецелосно утврдена фактичка состојба од првостепениот суд;

- пречекорување на роковите во донесување пресуди од второстепените судови
- неуредна достава;
- големиот временски период меѓу рочиштата;
- големиот обем на предмети во определени судови;

**9. Да се обезбеди брзо извршување на сите пресуди на ЕСЧП против државата (особено преку воведување практични и ефективни мерки за секоја категорија на случаи:**

- Во период од јули 2015 до јуни 2017 г. констатирана е повреда на правата загарантирани со ЕКЧП во 15 предмети против РМ. Во период од јули 2017 до септември 2017 година констатирана е повреда на правата загарантирани со ЕКЧП во 3 предмети против РМ;
- Во дел од предметите роковите за доставување акционен план, односно извештај од Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП се надминуваат. Како отежнувачки околности може да се наведат нередовното одржување седници на Меѓуресорската комисија за извршување на пресудите од ЕСЧП, зголемениот обем на работа, наспроти намалените капацитети на Бирото за застапување за две работни позиции од јули 2017 година;
- Предмети кои се под зајаканат надзор од Комитетот на министри заклучно со септември 2017 година се: Ел Масри против РМ (39630/09), Хајрулаху против РМ (37537/07), Ивановски против РМ (29908/11) и Карајанов против РМ (2229/15);
- Во периодот од јуни 2015 до септември 2017 година нема предмети кои преминале од стандарден во зајакнат надзор, ниту предмети кои преминале од зајакнат во стандарден надзор;
- Во период од јули до септември 2017 година Меѓуресорската комисија нема одржано седници. Во 2015 година Меѓуресорската комисија има одржано 4 седници, за потоа константно бројот на одржани седници се намалува, па така во 2016 година е одржана само 1 седница на ова тело.

-----------------------------------------------

1 Методологијата е достапна на: http://ihr.org.mk/project.php?pid=236

2 Извештај на Судски совет на РМ за 2015;

3 Од редовниот мониторинг на седниците на Судскиот совет на РМ што го врши Институтот за човекови права (ИЧП);

4 Од редовниот мониторинг на седниците на Судскиот совет на РМ што го врши ИЧП, како и од објавените акти на Судскиот совет во Службен весник на РМ или на порталот www.sud.mk;

5 Податоците се добиени врз основа на поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и од објавените акти и дејствија на Советот на јавни обвинители, на нивната веб страна и/или во јавноста;

6 Податоците се добиени од доставените извештаи на Советот за утврдување факти, од одржаните состаноци, од истакнати факти на јавни настани, како и од соопштенија за јавноста објавени од овој орган;

7 Податоците се добиени од објавените извештаи на Судскиот совет, од увид во донесените акти, како и од редовниот мониторинг на седниците на Судскиот совет;

8 Ibid;

9 Ibid;

10 Податоците се добиени од доставените извештаи на Советот за утврдување факти, од одржаните состаноци, од истакнати факти на јавни настани, како и од соопштенија за јавноста објавени од овој орган;

11 Закон за Академија за судии и јавни обвинители, Службен весник на РМ, бр. 20 од 12.2.2015 година.

12 Закон за изменување и дополнување на Законот за академија за судии и јавни обвинители, Службен весник на РМ, бр. 231 од 31.12.2015 година. Критериумите се дефинирани во член 57 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители.

13 Правилник за почетна обука, Академија за судии и јавни обвинители, Службен весник на РМ, бр. 19 од 16.2.2017 година.

14 Правилникот е достапен на: https://goo.gl/BFs3GJ

15 Извештај за работата на Судскиот буџетски совет и реализација на Судскиот буџет за 2016 година, Судски буџетски совет, 19.5.2017 година;

16 Годишните извештаи на Академијата за судии и јавни обвинители за 2015 и 2016 година се достапни на следниве линкови: https://goo.gl/eVV9AP и https://goo.gl/cv8NVh

17 Годишен извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2015 година, стр. 44;

18 Годишен извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители https://goo.gl/U1g5Sj;

19 Годишен извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2012 година, стр. 18;

20 Конечната ранг листа беше објавена на 10 февруари 2016 година, со завршување на постапката по приговори и жалби. Извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители 2015 година, стр. 11;

21 Службен весник на РМ, бр. 163 од 30.8.2016 година.

22 Извештај за работата на Судскиот буџетски совет и реализација на Судскиот буџет за 2016 година, Судски буџетски совет, 19.5.2017 година, стр. 60;

23 Извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2015 година, стр, 18-19. На барање на имплементаторите на проектот АСЈО ги испрати пријавите на домашаните предавачи;

24 Извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2015 година, стр, 13;

25 Види повеќе во Годишните извештаи на Академијата за судии и јавни обвинители, за 2015 и 2016 година кои се достапни на следниве линкови: https://goo.gl/eVV9AP и https://goo.gl/cv8NVh

26 http://www.mrt.com.mk/node/36130

27 Види повеќе во Годишните извештаи на Академијата за судии и јавни обвинители за 2015 и 2016 година, кои се достапни на следниве линкови: https://goo.gl/eVV9AP и https://goo.gl/cv8NVh ;

28 Нацрт Тематски извештај од проектот „Следење на владеењето во областа на правдата (JuDGMeNT)", Институт за европска политика http://epi.org.mk/docs/Izveshtaj_Kvalitet_Kompetentnost_efikasnost.pdf , стр.14;

29 Иницијален извештај од проектот „Следење на владеењето во областа на правдата (JuDGMeNT)", Институт за европска политика, стр. 9;

30 Согласно со белешките од работилницата одржана на ден 14.6.2017 година;

31 Нацрт – стратегија за реформа во правосудниот сектор 2017 – 2020 година , стр. 16;

32 Нацрт – стратегија за реформа во правосудниот сектор 2017 – 2020 година , стр. 31;

33 Караманди Попчевски. Љ., Транспарентност и отвореност: осовременување на судскиот систем во РМ, Институт за европска политика, 2017 година, стр. 9;

34 Овие заклучоци се вметнати и во документот за јавни политики „Транспарентност и отвореност: осовременување на судскиот систем во РМ", Институт за европска политика, Скопје, 2017 година;

35 Извештај за работата на Судски совет на Република Македонија за 2016 година, стр.18 и 19;

36 Податоците се добиени од одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер со Бр.35/2017 од Врховен суд на РМ и одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер од Судски совет на РМ со Бр. 03-1314/3. Од Судски совет на РМ беа побарани и податоци за предмети постари од 3 години, притоа за истите немаме добиено одоговор, за што е поднесено дополнително барање на 1.11.2017 година;

37 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf

38 Европската конвенција за човековите права е ратификувана од Република Македонија на 10 април 1997 година;

39 Член 46 од Европската конвенција за човекови права;

40 https://www.coe.int/en/web/cm/execution-judgments

41 Податоците се добиени од одговор по барање за слободен простап до инфомации од јавен карактер со Бр.20-198/3 од Бирото за застапување и web страна http://hudoc.exec.coe.int/eng#

42 http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["acp","acr"],"EXECState":["MKD"]}

43 http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["res"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"]}

44

45 http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["acp","acr"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"]}

46 http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["acp","acr"],"EXECState":["MKD"]}

47 Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2015 и 2016 година, стр. 6 и 7;

48 Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2015 и 2016 година, стр. 5 и 6;

49 Податоците се добиени од одговор по барање за слободен простап до инфомации од јавен карактер со Бр.20-198/3 од Бирото за застапување и web страна http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["CEC"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"],"EXECSupervision":["ENHA"]}

50 Податоците се добиени од одговор по барање за слободен простап до инфомации од јавен карактер со Бр.20-198/3 од Бирото за застапување;

51 Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2015 и 2016 година, стр 8 и 9;

52 http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["res"],"EXECPublishedDate":["2015-07-01T00:00:00.0Z","2017-06-30T00:00:00.0Z"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"]}

53 http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["res"],"EXECPublishedDate":["2017-07-01T00:00:00.0Z","2017-09-30T00:00:00.0Z"],"EXECLanguage":["ENG"],"EXECState":["MKD"]}

54 http://hudoc.exec.coe.int/eng#{"EXECDocumentTypeCollection":["res"],"EXECAppno":["74651/01"],"EXECIdentifier":["001-177641"]}

55 Член 12 од Закон за извршување на одлуките на ЕСЧП (Службен весник на Република Македонија бр.67/2009 и 43/2014);

56 Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2015 и 2016 година стр. 10.